Бр./Nr 12-210/1
12-01-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на 98-та седница одржана на 11.01.2023 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата со број 12-5598/1 од 12.12.2023 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Пријавата да се проследи на надлежно постапување до Министерство за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-5598 од 2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-5598/1 од 12.12.2023 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Изнесените наводи во пријавата се однесуваат на сомнежи за незаконска узурпација на државно земјиште во ///, а од страна на лице – државјанин на ///. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Во прилог на пријавата доставени се докази – фотографии.

По увидот во содржината на пријавата и доставените докази, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Надлежен орган кој со закон е овластен да ги испита наводите од пријавата е Министерство за внатрешни работи на РСМ, заради што пријавата со доставените докази ќе се проследи до овој орган на надлежно постапување.

Согласно горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

Доставено до:
- Подносителот
- Министерство за внатрешни работи на РСМ

Изработил: м-р Д.Д.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk